РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 16-1054/17
13.11. 2025 год./vit
СКОПЈЕ SHKUP

Друштво за трговија и услуги
БМС ГРУП ДООЕЛ
Бр. 065 DP-A/25
10.11. 2025 год.
СКОПЈЕ

# А Н Е К С бр.1

**кон Договорот за набавка Проектирање, изведба и одржување на систем за ладење на системски сали заведен под арх. бр. 16-1054/13 од 07.08.2025 година кај Договорниот орган и заведен под арх. бр. 048DP/25 од 30.07.2025 година кај Носителот на набавката.**

1. **Министерство за дигитална трансформација,** со седиште на ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје, застапувано од министерот за дигитална трансформација, **Стефан Андоновски**, во понатамошниот текст: Договорен орган.

и

2. **Друштво за трговија БМС ГРУП ДООЕЛ Скопје,** Скопје со седиште на БУЛЕВАР ИЛИНДЕН 160/1-24 Скопје, Скопје, Р.С.Македонија, застапувано од управителот Наташа Јованова, со ЕМБС: 7348606 и ЕДБ: 4032019541839, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

Во согласност со член 119 од Законот за јавните набавки и член 20 став (3) од основниот Договор за набавка на Проектирање, изведба и одржување на систем за ладење на системски сали заведен во МДТ под арх. бр. 16-1054/13 од 07.08.2025 година и заведен под арх. бр. 048DP/25 од 30.07.2025 година кај Носителот на набавката, двете договорни страни се согласија да го потпишат овој Анекс кон основниот Договор, и тоа:

**Член 1**

Предмет на овој Анекс бр. 1 кон Договорот е изменување на основниот Договор за набавка на Проектирање, изведба и одржување на систем за ладење на системски сали согласно реализирана постапка за јавна набавка со оглас 09174/2025.

**Член 2**

Составен дел на овој Анекс бр. 1 кон Договорот е Барање за склучување на Анекс кон Договорот за Проектирање, изведба и одржување на систем за ладење на системски сали – продолжување на времетраење на договорот заведено под арх.бр. 16-1054/15 од 03.11.2025 година.

**Член 3**

Се менува член 5 од основниот договор кој гласи:

„Максималната сума која може да биде искористена согласно овој договор изнесува 5.909.450 денари без ДДВ."

**Член 4**

Останатите одредби од Договорот остануваат непроменети.

**Член 5**

Овој Анекс бр.1 стапува на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 6**

Овој Анекс бр.1 е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја договорна страна задржува по 3 (три) примерока.

| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |
|---|---|
| Министерство за дигитална трансформација | Друштво за трговија БМС ГРУП ДООЕЛ Скопје |
| Министер, | Управител, |
| **Стефан Андоновски** | **Наташа Јованова** |